ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 16/23



17.10.2023 година

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**
**АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ МАРКЕТИНГ**
**(50325-Фраскатиева класификација)**

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Вечер“ на ден 18.04.2023 година, за избор на соработник во соработничко звање Асистент за наставно-научна област Маркетинг (50325 - Фраскатиева класификација), наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки во состав на Европски Универзитет Скопје донесе Одлука за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Билјана Андреска Богдановска - претседател; проф. д-р Алекса Стаменковски - член и проф. д-р Александра Станковска - член.

По направената анализа на доставените материјали, Рецензентската комисија има чест и задоволство до наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки во состав на Европскиот Универзитет Скопје да го поднесе следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

По објавениот конкурс за избор на соработник во соработничко звање Асистент за наставно-научна област Маркетинг (50325 - Фраскатиева класификација), во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, м-р Сања Антиќ.

Врз основа на доставената Пријава бр.03-387/1 од 19.04.2023 година и приложените документи: Професионална биографија (CV), Уверение за завршен I и II циклус студии, Диплома за стекнат назив магистер од соодветната област, Уверение за државјанство, доказ за познавање на најмалку еден странски јазик, како и од увид во персоналното досие на кандидатот (вработена на Европски Универзитет) Рецензентската комисија го констатира следното:

1. **Подобност на кандидатот**

Кандидатот м-р Сања Антиќ ги исполнува критериумите предвидени согласно Законот за високото образование, бидејќи:

- има стекнато научен степен магистер од соодветната област;
- има претходен избор во соработничко звање;
- има објавено научни трудови и публикации соодветни на знаењето во кое се врши избор;
- има способност за изведување на високообразовна дејност.

**Биографски податоци за м-р Сања Антиќ**

Сања Антиќ од Куманово, со адреса на живеење ул. „Октомвриска Револуција“ бр.19 А-1/10, е родена на ден 26.11.1995 година во Бриг-Глис Швајцарија.

Основно образование завршила во Куманово во основното училиште „Браќа Миладиновци“ (2002-2010), своето средно образование го продолжила и завршила во Куманово во средно општинско училиште „Перо Наков“ (2010-2014).

На Факултетот за економски науки во состав на Европскиот Универзитет – Република Македонија се запишала во академската 2013/2014 година, а дипломирала во 2018 година со просечна оценка 9.63.

Своето образование го продолжила на II /втор/ циклус студии на Факултетот за економски науки во состав на Европски Универзитет – Република Македонија, насока: Маркетинг во академската 2018/2019 година.

Навремено ги положила сите испити и успешно го одбранила магистерскиот труд на тема:„Примена на промотивни активности кај бебешка козметика" под менторство на проф.д-р Љиљана Конеска.

Магистерските студии ги завршила со просечна оценка 10.00 и се стекнала со назив: магистер по економски науки.

**Научно-истражувачка дејност**

Во делот на научно-истражувачката работа во изминатиов период, м-р Сања Антиќ во непрекинат континуитет ја зголемува својата научна љубопитност и продлабочување на својот научно истражувачки интерес.

Таа има работено како демонстратор по предметите „Промоција", „Однесување на потрошувачи", „Дистрибуција" на Факултетот за економски науки во состав на Европски Универзитет Скопје.

Исто така има и учествувано во проект организиран од страна на Европски Универзитет Скопје со компанија Завар, како дел од тимот на економисти и извршување на практична настава за време на четири годишни студии.

Со Одлука бр.02-832/1 од 17.11.2020 е избрана во соработничко звање Асистент на Факултетот за економски науки по група предмети од област Маркетинг.

Доверено и е изведувањето на вежби по предметите: Бренд менаџмент, Управување со производ, Однесување на потрошувачи, Маркетинг истражување, Корпоративно управување, Е-бизнис, Дистрибуција, Директен маркетинг, Промоција, Меѓународен стратегиски менаџмент, Претприемништво, Претприемнички маркетинг менаџмент, Маркетинг на услуги, Меѓународен менаџмент, Маркетинг менаџмент, Непрофитен маркетинг менаџмент, Стратегиски маркетинг, Менаџмент со трошоци во ЗФОИ, Менаџмент, Менаџмент и мотивација, Маркетинг.

**Објавени трудови**

Проф. д-р Александра Андреска Саревска, м-р Сања Антиќ

АНАЛИЗА НА ПОТРОШУВАЧКАТА И ПРОМОЦИЈАТА НА МЕДОТ И ПЧЕЛНИТЕ ПРОИЗВОДИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, IDEA Int. J. Sci. Arts. 6(2022)11: 9-18

Prof. Aleksandra Stankovska, PhD, Asst. Sanja Antik, MSc

ARTIFICIAL INTELLIGENCE AND THE FUTURE OF BUSINESS, IDEA Int. J. Sci. Arts. 7(2023)13: 23-29

## ПРЕДЛОГ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Од претходно наведените податоци и по разгледување на поднесените документи од страна на кандидатот, согледувајќи ги неговите досегашни активности,

членовите на Рецензентската комисија позитивно ја оценуваат целокупната образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативна дејност на м-р Сања Антиќ.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство на наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки на Европскиот Универзитет Скопје да му предложи да се избере м-р Сања Антиќ за соработник во соработничко звање Асистент за наставно-научна област Маркетинг (50325-Фраскатиева класификација).

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Билјана Андреска Богдановска, претседател

_______________________________

2. Проф. д-р Алекса Стаменковски, член

_______________________________

3. Проф. д-р Александра Станковска, член

_______________________________